ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# *Извештај за работата на ЈУ Детски Дом 11 Октомври Скопје*

**Скопје,декември 2017 година**

**РЕЗИМЕ**

Заштитата на децата без родители и родителска грижа во системот за социјална заштита во Република Македонија се реализира преку остварување на права и услуги (парични права и форми на институционална и вонинституционална заштита).

Институционалната заштита на децата без родители и без родителска грижа се остварува во две институции согласно возраста на корисниците кои се сместуваат (Дом за доенчиња и мали деца Битола (за деца до 3 годишна возраст) и Детски дом 11 Октомври –Скопје за деца над 3 годишна возраст).

ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје во рамките на своите надлежности во континуитет ја следи работата на Детски дом 11 Октомври Скопје преку увиди и посети во установата, работни средби со вработените, спроведување на обуки и работилници и активна вклученост во сите тековни процеси кои се спроведуваат во установата.

Предмет на овој извештај е утврдување на моменталната состојба на организација и функционирање на установата по направени повеќе увиди во текот на 2017, како и определување на препораки за подобрување на работата и подигнување на квалитетот на услугите кон корисниците. а имајќи го во предвид професионалното искуство и позитивните пракси на вработените за тековните процеси на трансформација на установите и деинституционализација на национално ниво.

Дејноста во установата актуелно се остварува преку две служби : Воспитна служба и Служба за административно и помошно технички работи. Во однос на начинот на функционирање на установата од декември 2011 год. направена е реорганизација на работата и просторот со воспоставување 4 станбени единици за сместување кои опфаќаат по 2 воспитни групи. Целиот процес не беше реализиран согласно планираниот концепт на функционирање од сите аспекти.

Имајќи ја во предвид моменталната состојба на организација и функционирање на установата од аспект на кадровска екипираност (42 лица на неопределено време и двајца по договор на дело), бројот на сместени корисници ( 45 со тенденција на постојано намалување заради сместување во вонинституционални форми на заштита ) , расположливите просторно-технички капацитети, има потреба од преземање активности за продолжување на започнатите активности за реорганизација/трансформација на установата во корелација со тековните процеси на деинституционализација:

**1.Предлагање на соодветен модел за трансформација/ деинституционализација ( во рамки на институцијата или надвор од неа)**

**2.Продолжување со активностите за преиспитување на статусот на сместените корисници во насока на враќање во семејството/ вклучување во вонинституционални форми на заштита**

**3.Продолжување на соработката на установата, центрите за социјална работа и други институции за превенирање на сместување во установа и за реинтегрирање на сместените деца**

**4.Континуиран професионален развој за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво.**

## ВОВЕД

### 1.Организациона поставеност и функционирање

Согласно Законот за социјална заштита, ЈУ.Детски.Дом,,11 Октомври,, Скопје, е установа за институционално сместување на деца без родители и родителска грижа над три годишна возраст и младинци, обезбедува згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и воспитание на децата до оспособување за самостоен живот и работа, а најдолго до шест месеци по завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин. Установата е должна на децата и младинците да им обезбеди посетување на основно и средно образование во соодветна установа, организирање стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, да организира различни облици на работа и живот, како и да се грижи за нивното здаравје.

Согласно Статутот на установата дејноста се остварува преку две служби и тоа:

1. **Воспитна служба**
2. **Служба за административно и помошно технички работи**
    - Оддел за административни работи и управување со човечки ресусрки
    - Оддел за помошно технички работи

Во однос на начинот на функционирање на установата од декември 2011 год. децата се сместени во 4 станбени единици кои опфаќаат по 2 воспитни групи, заради обезбедување на :

- подигање на квалитетот на грижа во установата, почитувајќи го индивидуалниот пристап и најдобриот интерес на детето
- создавање на пријатна атмосфера за живеење и работа
- развивање вештини за самостојно живеење
- развивање на работни навики
- чувство на припадност
- чувство на одговорност
- меѓусебно почитување и поддршка
- поголема интерактивна работа и контрола од страна на воспитувачите

За да може да функционира секоја станбена единица како посебна средина за живеење на децата , а во рамки на институцијата, вработените во установата ги преземале следниве активности:

- изготвиле куќен ред и кодекс на однесување

- Во однос на исхраната :

    - o организирале по два оброка во станбената единица ( доручек и вечера - доручекот го земале од централната кујна од 06.30ч до 07.30ч, а вечерата од 18.00ч до 18.30ч,а го сервирале секој во својата станбена единица врз основа на претходно изготвено неделно мени) за време на работните

денови од неделата, освен вечерата во петок која се одвивала во заедничката трпезарија поради дежурствата за викендите

- o требувањата од магацин, ги правеле воспитувачите а храната во секоја станбена единица ја земал воспитувачот со дежурно дете.
- o ручекот секогаш се реализирал во заедничката трпезарија.
- o за време на викендите и празниците сите три оброка се реализирале во заедничката трпезарија поради недостаток на вработени.
- o среда – бил определен ден кога децата сами готват, а воспитувачите биле “инструктори” по готвење.

- дежурствата за време на викендите и празниците биле за секоја смена (прва, втора, трета) по 2 воспитувачи на 4 станбени единици

- Стручниот тим на установата (социјален работник, педагог и психолог /воспитувач) обезбедувал психосоцијална подршка на децата и кадарот преку индивидуална и групна работа.

***Различните околности и причини од типот на:*** недоволен кадар, доопремување на кујните по станбени единици, проблеми со електричната инсталација и водоводната мрежа, непостоење на посебен буџет за функционирање на станбените единици, непридржување кон договорените активности (готвење во станбените единици, редовни набавки,куќен ред и сл), ***биле причина планираниот модел на живеење на децата во станбените единици, да се задржи само во однос на физичката одвоеност на станбените единици, исхраната се обезбедува од централната кујна и се одвива во заедничката трпезарија.*** Централната кујна е реновирана и се наоѓа во приземниот дел, каде се сместени и магацинските простории.

Приказ на функционирање на установата по станбени единици:

| **Станбени единици** | **Број на деца** | **Пол** | **Стручен кадар** |
|---|---|---|---|
| Прва | 11 деца | 10-машки<br>1- женско | 3 воспитувачи +1 неговател |
| Втора | 7 деца | 7- машки | 1 воспитувач + 1 неговател |
| Трета | 14 деца | 7-машки<br>7-женски | 4 воспитувачи + 1 помошник вос. |
| Четврта | 13 деца | 6-машки<br>7-женски | 4 воспитувачи + 1 неговател |
| 2 ноќни воспитувачи - од кои едниот е по договор на дело | | | |

Секоја воспитна група има корисна површина од 234 м2. и се состои од:
- 4 спални соби со тераси,
- два тоалети,
- две туш кабини,
- една дневна соба,
- два ходника,
- една кујна опремена за корисниците
- остава
- канцеларија на воспитувач

## 2.Човечки ресурси

Во установата се вработени вкупно 42 лица на неопределено време и двајца ( хигиеничар и воспитувач) по договор на дело. Состојбата на вработените по служби е следнава:

- ✓ **Служба за административно и помошно технички работи** - вкупно 17 лица

    - Раководител на службата- 1 извршител
    - Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси – 4 вработени
    - Оддел за помошно технички работи 12 вработени

- ✓ **Воспитна служба- вкупно 21**

    - Раководител на службата 1 извршител
    - Дипломиран социјален работник 1
    - Педагог -1
    - Воспитувачи со ВСС 7/1 степен 12
    - Воспитувачи со 4 степен ССС - 2
    - Медицинска сестра – 1
    - Негователки со ССС – 3

## 3.Структура на корисници

Во Установата со сотојба декември 2017 година се сместени вкупно 45 корисници:

- ➢ ***Според возраст*** : на возраст од 3-6 години- 5 деца, на возраст од 7 - 10 год-15 деца,на возраст од 11 - 14 год- 8 деца, на возраст од 15 - 18 год-14 деца, над 18 години-3 деца

*Податоците кои се однесуваат на возраста на сместените корисници укажува дека најмногу се застапени децата во возрасна група од 7-10 години и оние од 15-18 годишна возраст.*

- ➢ ***Според пол*** структурата на децата е следна: повеќе корисници се машки - 30 корисници,а 15 се женски.

- ➢ ***Според здравствената состојба на децата*** - 43 деца се со добра здравствена состојба, две деца со лесна попреченост во развојот.

- ➢ ***Според брачниот статус на родителите*** **-**од вкупниот број на корисници 30 деца потекнуваат од вонбрачни заедници, а 15 од брачни.

- ➢ ***Според националната припадност*** од вкупниот број на сместени корисници најмногу има од македонска националната припадност - 21 корисник и од ромската национална припадност-15 корисник останатите националности се помалку застапени.

- ***Според причината за сместување*** - најчести причини за сместување на децата во установата се **:** нарушена здравствена состојба на родителите,родители зависници од алкохол или дрога, родители на издржување казна затвор, починат еден од родителите а другиот не е во состојба да се грижи нема доволно родителски капацитети,занемарени од страна на родителите и сл.

  - ***Според*** **должината на престој на децата во установата** :

    - до 3 години - 21 дете
    - од 3 – 6 година -12 дете
    - од 6 -10 година - 8 дете
    - од 10 – 15 година - 4 дете

*Должината на престој на децата во установата зависи од вклученоста во воспитно образовниот процес и немање капацитети на родителите/семејствата за прифаќање на детето и враќање во локалната средина од која потекнува.*

- Во однос на ***вклученост на децата во воспитно-образовниот процес*** може да се констатира дека сите деца согласно возраста се вклучени ,со исклучок на две деца кои се на предучилишна возраст и кои не посетуваат детска градинка

- Од податоците кои се однесуваат на **контактите на децата со родителите и блиските ссродници** може да се констатира дека поголем број од децата контактираат (33 деца) најчесто со еден од родителите (мајката) или пак некој близок сродник,а 12 деца не остваруваат никакви контакти.

- **Податоци за бројот на смесетени деца според месноналежноста на Центрите за социјална работа**

| Ред. број | Центар за социјална работа | Број на деца сместени во Установата |
|---|---|---|
| 1. | Берово | 3 |
| 2. | Битола | 8 |
| 3. | Велес | 1 |
| 4. | Виница | 1 |
| 5. | Гевгелија | 3 |
| 6. | Кавадарци | 5 |
| 7. | Кратово | 2 |
| 8. | Куманово | 6 |
| 9. | Пробиштип | 1 |
| 10. | Свети Николе | 3 |
| 11. | Скопје | 8 |
| 12. | Струмица | 4 |
| | **Вкупно** | **45** |

## 4.Тековни активности со корисниците

Во текот на октомври Заводот за социјални дејности во соработка со установата и 11 месонадлежни центри за социјална работа ( Скопје, Битола, Берово, Виница, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Куманово, Пробиштип, Струмица и Свети Николе) реализира 6 координативни средби на кои беа преиспитани стаусите на сите сместени деца. Стручните работници од месонадлежните центри за социјална работа и установата имаа за задача да направат проценка за сместените корисници и да донесат стручно мислење за понатамошната форма на заштита на децата.

На средбите беа презентирани информациите кои се однесуваа на (пол, возраст, национална припадност,здравствена состојба ,потекло на децата според брачниот статус на родителите, должина на престој,причина за сместување, успехот и поведението во училиштето и установата и потребите на детето.

Податоците добиени од установата укажуваат на тенденција на опаѓање на бројот на сместени корисници за 6 во периодот јануари – октомври 2017 година(во јануари 2017 година биле сместени 51 корисник,а во октомври 2017 година 45 корисници, се очекува до крајот на 2017 година да излезат уште 2 корисници од Битола –кои ќе се сместат во згрижувачки семејства ).

| **Ред. бр** | **Период 2017 год** | **Вкупно сместени корисници** |
|---|---|---|
| 1. | Јануари | 51 |
| 2 | Февруари | 52 |
| 3 | Март | 51 |
| 4 | Април | 51 |
| 5 | мај | 50 |
| 6 | Јуни | 48 |
| 7 | Јули | 48 |
| 8 | Август | 48 |
| 9 | Сетември | 48 |
| 10 | Октомври | 45 |

Овој тренд на опаѓање на бројот на деца во установата е позитивен и треба да продолжи и понатаму,на тој начин за децата кои се во установа ќе се создадат подобри услови за работа бидејќи ќе се обезбеди подобар соодност воспитувач - корисник со што ќе можат да се постигнат поставените цели согласно развојните потенцијали и потреби на сместените деца.

Според направената проценка од страна на стручните лица од центрите за социјална работа од установата се подготвуваат да излезат 8 деца и тоа:

- 2 деца од ЈУМЦСР Битола во згрижувачко семејство –декември 2017
- 4 деца од ЈУМЦСР Кавадарци во згрижувачко семејство
- 2 деца од ЈУМЦСР Скопје им престанува сместувањето поради завршување на воспитно-образовниот процес.

**ЗАКЛУЧОК**

Имајќи ја во предвид моменталната состојба на организација и функционирање на установата од аспект на кадровска екипираност, бројот на корисници, расположливите просторно-технички капацитети, има потреба од преземање активности за продолжување на започнатите активности за реорганизација/трансформација на установата во корелација со тековните процеси на деинституционализација:

1.П**редлагање на соодветен модел за трансформација/ деинституционализација ( во рамки на институцијата или надвор од неа)**

- искористување на постојниот започнат модел како основа за планирање на модел за трансформација (4 воспоставени станбени единици во рамки на установата)
- информирање на вработените за процесот на трансформација /деинституционализација и нивна мотивираност за вклучување во истите согласно нивното досегашно професионално искуство
- информирање на сместените корисниците за процесите на трансформација и деинституционализација

2.П**родолжување со активностите за преиспитување на статусот на сместените корисници во насока на враќање во семејството/ вклучување во вонинституционални форми на заштита**

- месноналежните ЦСР во соработка со установата да преземат активности согласно дадените препораки за секој од корисниците во рамки на преиспитувањето направено во 2017 година
- месноналежните ЦСР во заштита на правата и интересите на сместените корисници да постапуваат согласно Стандардите и процедурите за работа на ЦСР при сместување на корисник во установа, а согласно неговиот најдобар интерес.
- пред излегување на децата од установата месноналежните центри за социјална работа во соработка со установата да ги реализираат потребните активности за подготовка на детето согласно претходно направената проценка на развојните потенцијали, потреби, и ресурси за сместување.

**3.Продолжување на интензивната соработка на установата , центрите за социјална работа и други институции**

- преземање на активности согласно Планот за индивидуална работа со корисник и следење на сместувањето
- децата кои се на предучилишна возраст да бидат вклучени во детска градинка за да може да се социјализираат во пошироката заедница и да се подготват за училиште.
- размена на информации за сместените корисници и за нивните семејства

**4.Континуиран професионален развој за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво**

- воведување на организациско учење за размена на искуства, знаења и информации кои вработените ги стекнале преку различни облици на едукации (студиски посети, конференции, обуки и сл.)

- имплементација на стекнатите знаења и вештини во непосредната работа со корисниците.

**5. ЦСР да реализираат активности со семејствата за превенирање на сместување во установа и за реинтегрирање на сместените деца**

- ЦСР да развиваат форми на вонинституционална заштита на локално ниво

- ЦСР да реализираат активности за јакнење на капацитетите на родителите/семејствата и поддршка во грижата за децата

Скопје, декември 2017 год.